Градежно друштво
ГРАНИТ АД
Бр. 12-3900
30-05-2023 20 год.
СКОПЈЕ

Собранието на ГД Гранит АД Скопје, на годишната седница одржана на 30.05.2023 година, расправајќи за исплата на девиденда на Друштвото за 2022 година, согласно член 383, 384 и 490 од Законот за трговските Друштва и член 36 од Статутот на Друштвото, ја донесе

**О Д Л У К А**

за исплата на дивиденда

1. Износот на дивиденда за една акција во бруто износ изнесува 36 денари.
2. Исплатата на дивидендата ќе биде од акумулираните нераспределени добивки остварени до 31.12.2008 година, во бруто износ од 99.727.344 денари.
3. Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 14.06.2023 година.
4. Прв датум на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 15.06.2023 година.
5. Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2022 година е 16.06.2023 година.
6. Исплатата на дивиденда ќе се изврши најдоцна до 30.09.2023 година.
7. Акционерите со право на исплата на дивиденда за 2022 година, да се известат за времето и начинот на исплатата на дивидендата.
8. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- Македонска Берза
- Сектор за ПКОР ГД Гранит АД Скопје
- Сектор за финансиски работи ГД Гранит АД Скопје
- Архива на ГД Гранит АД Скопје

Претседавач на Собрание

Марија Шекероска

Градежно друштво ГРАНИТ АД Скопје